Согласно член 22 став 1 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016 и 248/2018) („**Закон за преземање**"), Steiermarkische Bank und Sparkassen AG, акционерско друштво организирано согласно законите на Австрија, со седиште на Sparkassenplatz 4, 8010 Грац, Австрија, регистрирано во Регистарот на трговски друштва во Австрија под регистарски број ФН 34274 д („**Преземач**"), на 28 февруари 2019 година со ова го дава следното:

**Известување за намера за преземање**

Преземачот го дава ова Известување за намерата за преземање на сите регистрирани обични акции со номинална вредност по акција од 2.650 денари, што збирно соодветствува на 100% регистриран акционерски капитал и гласачките права во Охридска Банка АД Скопје, банка основана согласно законите на Република Северна Македонија, со седиште на Орце Николов 54, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 5004756 и ЕДБ МК4020995106987, котирана на Македонската берза на хартии од вредност („**Охридска Банка АД Скопје**")(„**Известување**").

Понудата за преземање и проспектот ќе бидат дадени согласно Законот за преземање за целите на горенаведеното преземање и за понудата да се смета за успешна предвиден е праг на успешност од најмалку 384.844 регистрирани обични акции, што соодветствува на приближно 74,53% регистриран акционерски капитал и гласачките права во Охридска Банка АД Скопје.

Понудата за преземање за сите регистрирани обични акции во Охридска Банка АД Скопје ќе биде дадена по цена од 6.298,79 денари по акција.

Преземачот и Société Générale, акционерско друштво основано согласно законите на Франција, со регистрирано седиште на 29 boulevard Haussmann, 75009 Париз, Франција, регистрирано во Парискиот трговски регистар и регистар на друштва под број 552 120 222 РЦС Париз („**СГ**") склучија договор за купопродажба на акции во врска со продажбата од страна на СГ на 384.844 регистрирани обични акции издадени од Охридска Банка АД Скопје на Преземачот, што ќе биде спроведен преку постапка за преземање и давање понуда за преземање, подготвена согласно со правилата и условите (вклучително и правилата кои ја регулираат конкурентската понуда) на Законот за преземање.

Ова Известување се дава до Управниот одбор на Охридска Банка АД Скопје. Согласно Законот за преземање, Преземачот го достави Известувањето и до (i) Комисијата на хартии од вредност на Република Севера Македонија, (ii) Македонската берза за хартии од вредност, (iii) Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија (iv) Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија; и (v) претставниците на вработените на Охридска Банка АД Скопје.

Согласно член 26-а став 3 од Законот за преземање, напоменуваме дека, покрај согласностите кои се потребни од домашните овластени тела и институции, објавувањето на понудата за преземање, е условено со претходни дозволи и/или согласности кои ги носат странски надлежни тела и институции како што следи: (i) Одобрување на концентрацијата од српските, црногорските и украинските тела за заштита на конкуренцијата и (ii) Одлука за одобрување на стекнување од Европската централна банка („**Странски одобренија**").

Согласно член 26-а став 4, Преземачот ќе поднесе барање за добивање на дозвола за понудата за преземање и проспектот до Комисијата за хартии од вредност согласно Законот за преземање, откако ќе бидат добиени Странските одобренија.

Согласно член 26-а став 3, во случај било кое од Странските одобренија да не биде добиено, намерата ќе се смета за повлечена и нема да биде дадена понуда за преземање. Во однос на ова, (i) во случај било која институција надлежна за давање на било кое од Странските одобренија да отфрли или одбие да го издаде соодветното Странско одобрение, Преземачот ќе извести согласно член 26-а став 5 од Законот за преземање, или (ii) во случај било која интитуција надлежна да даде било кое Странско одобрение, истото да не го издаде во рок од 12 месеци од објавувањето на намерата за преземање, преземачот ќе извести согласно член 26-а став 6 од Законот за преземање.

Во име на Преземачот

Sava Dalbokov

Сава Далбоков, член на Управен одбор на Преземачот
Во својство на овластен потписник на Преземачот

Герхард Маер, прокурист на Преземачот
Во својство на овластен потписник на Преземачот